Врз основа на член 19 од Законот за ревизија (Сл. весник на Република Македонија бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14,145/15,192/15, 23/16 и 83/18) и член 25 став (7) алинеа 8) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на 11.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, Пречистен текст, бр. 0202-383/04 од 14.12.2018 година.

**Член 2**

Се менува член 7 став (1) од Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ и гласи:

,, (1) Надоместокот за учество на обука за полагање на испитот за стекнување звање ревизор изнесува:

а. 9.000,00 денари за секој предмет посебно, за предавање во времетраење од 20 часа.

б. 4.500,00 денари за секој предмет посебно, за предавање во времетраење од 10 часа.

Ставот (2) од член 7 се брише.

**Член 3**

Оваа Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија стапува на сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот.

Драган Димитров
Претседател на ИОРРМ

*На 10.02.2020 година, СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ*